Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-151/1
28.01.2025 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-463/1 од 18.06.2024 година, поднесена од Сојуз на турски невладини организации на Македонија МАТУСИТЕБ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на седница одржана на 26.12.2024 година, го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на етничка припадност врз граѓани на Република Северна Македонија од турска етничка припадност, како резултат на практика на Народниот правобранител на Република Северна Македонија за вработување на лица во оваа институција.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 18.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), доставена е Претставка бр. 08-463/1 од Сојуз на турски невладини организации на Македонија МАТУСИТЕБ преку претседателот Тасин Ибраими. Подносителот претставката ја поднесува против институцијата Народен правобранител, а поради заштита на правата на лицата од турската заедница во земјата.

Имено, во претставката се наведува дека институцијата Народен правобранител претставува уставна категорија која има надлежност да ги штити уставните и законски права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластуваат. Во однос на тоа наведува дека Уставот на РСМ во АМАНДМАН VI предвидува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Наведува дека Надлежностите на Народниот правобранител се потесно уредени во Законот за Народен правобранител кој меѓу другото, предвидува дека Народниот правобранител е должен да обезбеди заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на граѓаните. Следствено, наведува дека една од главните надлежности и обврски на оваа институција за заштита на човековите права е да се грижи за соодветната и правичната застапеност на сите граѓани во институциите и сите други јавни органи. Подносителот наведува дека и покрај ваквите надлежности, самата институција не го почитува постулатот на соодветна и правична застапеност. Се истакнува дека во последните два објавени извештаи на Народниот правобранител за соодветна и правична и застапеност се увидува дека во институцијата нема вработено ниту едно лице од турска национална припадност, иако според последниот попис 3.98% од вкупниот број на граѓани во земјата се изјасниле дека припаѓаат на

турската националност. Па наведува дека иако турската заедница е трета по големина во земјата после македонската и албанската, според бројките може да се утврди дека во просек другите малцинства (Роми, Срби, Власи, Бошњаци и други) се застапени со 3% од вкупниот број на вработени. Дополнително, се наведува дека Сојузот МАТУСИТЕБ на 25.04.2024 година, до Народниот правобранител поднел Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со прашање „Колку вкупно вработени имате во 2023 година во централната и регионалните канцеларии на Народниот правобранител и колку од нив се од турската етничка заедница“, за што до моментот на поднесување на претставката, институцијата се нема произнесено. Според подносителот таквата статистика која изворно потекнува од самата институција е поразителна за граѓаните од турската етничка припадност во земјата, а таквата политика на вработување на Народниот правобранител ги става сите граѓани од турската етничка припадност во нееднаква положба во однос на другите заедници во земјата и го руши достоинството на третата по големина заедница во земјата. Следствено, подносителот наведува дека се врши дискриминација врз основа на етничка и национална припадност на оваа група граѓани а со тоа, им се повредува правото на работа, уставните права во однос на другите малцинства, правото на квалитетен сервис на институцијата спрема турската заедница и така натаму. Па со тоа таквото дејствување на Народниот правобранител е спротивно на член 14 од Европската конвенција за човековите права, член 19 и 32 од Уставот на РСМ и член 6 од Законот за работните односи. Оттука, подносителот смета дека Комисијата има надлежност да постапува согласно член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а дополнително, смета дека товарот на докажување е преминат врз спротивната страна, со што Народниот правобранител има должност да го докаже спротивното. Во таа смисла, се наведува дека статистичките податоци користени во претставката се во целосна усогласеност со член 38 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и може да се сметаат како доказ за фактичката состојба на продолжено вршење дискриминација. Подносителот истакнува дека се свесни за тоа дека податоците за етничката застапеност во институцијата Народен правобранител се постари од една година, но и дека Народниот правобранител не одговорил на нивното барање за пристап до информации од јавен карактер за податоците за 2023 година. Во таа насока, замолува Комисијата согласно член 24 став 7, да побара од Народниот правобранител да се изјасни во однос на наводите во претставката и да ги презентира статистиките за 2023 и 2024 година во однос на правичната застапеност. Подносителот во претставката посочува дека доколку од Народниот правобранител во своја одбрана се тврди дека објавувале огласи за вработување на лица од турска етничка припадност, а потоа се декларирале како друга етничка припадност, во предвид да се има воспоставената судска пракса потврдена од Апелационен суд Битола, број на предмет: КЖ-179/22 од 16.05.2022, каде што лице е кривично осудено за фалсификување на електронска јавна исправа поради фактот што при аплицирање на две различни работни места, пријавило дека припаѓа на различна етничка припадност во повеќе наврати. Оттука, сметаат дека доколку Народниот правобранител е запознаен со вакви случаи во нивната институција, тогаш по службена должност треба да повеле кривични постапки за тие лица што е и

задолжително согласно Законот за кривична постапка и Кривичниот законик. Во спротивно, може да се смета дека свесно не се вработувале лица од турската национална припадност што резултира со таква поразителна и дискриминирачка статистика. Следствено на тоа, подносителот смета дека Народниот правобранител извршил продолжена дискриминација, повредувајќи ги наведените норми на уставниот поредок, релевантните национални закони и меѓународни договори. Оттука, подносителот бара турската заедница да биде соодветно и правично застапена во однос на другите заедници, со тоа што Комисијата ќе утврди дека е сторена дискриминација врз национална и етничка припадност и ќе даде препорака Народниот правобранител најдоцна во наредните шест месеци да објави огласи за вработување на лица од турската етничка припадност во централната и во регионалните канцеларии.

Во прилог на претставката во копии доставени се: Тековна состојба на подносителот број 0805-50/150020240181723 од 22.05.2024 година; Извадок од Извештај на Народниот правобранител за соодветна и правична застапеност за 2022 година и Барање за пристап до информации од јавен карактер за податоците 01-10/24 од 25.04.2024 година.

Народниот правобранител со допис бр. 1997/2 од 21.08.2024 година, доставен до Комисијата на 07.10.2024 година, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се изјасни по наводите во претставката.

Во изјаснувањето наведуваат дека претставката која ја доставил подносителот од нивна страна е анализирана со длабоко внимание, пред се што нивната институција се споменува како прекршувач на човековите права, односно како вршител на дискриминација по национална или етничка припадност, основ кој е предвиден со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. По однос на наводите во претставката известуваат дека до 01.06.2021 година, во Народниот правобранител работело лице кое се декларирало како припадник на турската заедница, но на наведениот датум, по негово барање се потпишала Спогодба за престанок на работен однос. Наведуваат дека од тој датум, до денешен ден од нивна страна се спроведени неколку јавни огласи за вработување, меѓу кои и за конкретното работно место кое наведеното лице по негово барање го напуштило. Истакнуваат дека иако имало испразнети места и на огласите се барало кандидатот да ги исполнува сите пропишани критериуми, сепак, досега ниту едно лице од турската заедница не се пријавило и не конкурирало во нивната институција. Следствено, известуваат дека трендот и интересот за пријавување на лица/кандидати на јавните огласи е се помал, што било последица на неатрактивните плати во јавната администрација, во која спаѓаат и вработените кај Народниот правобранител. Со следните зборови наведуваат „при изготвување на одговорот до подносителите на претставката, можете во име на Народниот правобранител да ги поттикнете подносителлите да ги следат јавните огласи за вработување нај Народниот правобранител и на истите да испратат свои членови кои би се пријавиле на огласите, доколку сметаат дека истите ги исполнуваат општите и посебни услови и секако доколку се доволно атрактивни за нив, така што преку една фер и законска постапка би се избрало лице кое е по националност Турчин/ка и е најквалитетно од сите кандидати.“. Воедно, истакнуваат „ценејќи ги

наводите од претставката, Народниот правобранител смета за потребно да им укаже на подносителите, дека во случајот не постои никаков основ за да има сторување на дискриминација, бидејќи не е сторена конкретна повреда на правата со преземање или непреземање на одредени дејствија кон поединец или група на лица кои имаат заедничко обележје (етничка припадност), со што не се исполнети условите кои се предвидени со членот 5, член 6 итн. од Законот за спречување и заштита од дискриминација, што би било и основ за да се води конкретен предмет против Народниот правобранител, со што се отвара и прашањето за надлежноста на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да постапува кон Народниот правобранител, што е спротивно на уставните и законски начела на поставеноста на системот во Република Северна Македонија.". Во однос на поднесеното Барање за пристап на информации од јавен карактер за 2023 година, информираат дека на истото не е одговорено поради технички причини, односно поради отфрлање на истото од нивниот систем и недоставување до лицето кое е овластено да одговори на ова барање до подносителите, за што ќе постапеле во најкраток можен рок. Во однос на истото, известуваат дека законското решение за пристап до информации од јавен карактер е поинакво, односно при недоставување на бараните податоци или нивно неправилно или невистинито доставување, барателот требал да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер која има надлежност да постапува во конкретниот случај. На крајот од произнесувањето, наведуваат дека Народниот правобранител секогаш бил и ќе биде поборник за остварување на човековите слободи и права, што е всушност и неговиот утврден мандат согласно Уставот на РСМ и Законот за народниот правобранител, поради што во конкретниот случај ги отфрлаат сите наводи за сторена дискриминација по било кој утврден законски основ.
Во прилог на дописот доставуваат во копија Спогодба за престанување на работен однос бр. 1760/2 од 01.06.2021 година.

Комисијата со Барање бр. 08-463/4 од 10.10.2024 година, побара од Народниот правобранител податоци и информации во однос на сите објавени јавни огласи за вработување во Народниот правобранител за периодот од 2019-2024 година и информација за тоа дали во последните 10 години, Народниот правобранител има објавено јавен оглас со специфицирање дека за истиот е предвидено вработување на лице од турска етничка припадност. Народниот правобранител со допис бр. 1997/4 од 04.12.2024 година, до Комисијата одговори на напреднаведеното Барање. Во нивниот одговор се наведува дека Годишните планови за вработување, согласно член 43 став 3 од Законот за народниот правобранител, ги донесува Народниот правобранител без претходна согласност и мислење пропишано со закон, а со член 43-а став 1 е предвидено „Народниот правобранител одлучува за вработување, унапредување и засновање работен однос во Стручната служба, во рамките на обезбедените финансиски средства во разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител, без претходна согласност или мислење пропишано со закон". Следствено на тоа, потенцираат дека со Законот за народниот правобранител е предвидена независност во однос на располагањето со средствата предвидени во

Буџетот на РСМ, односно согласно член 48 „Со користењето, распределбата и намената на средствата за работа обезбедени во разделот на Буџетот на Република Македонија, наменет за Народен правобранител, Народниот правобранител располага самостојно.". Воедно, го посочуваат нивниот претходен одговор за изјаснување по наводите во претставката, наведувајќи дека се до 01.06.2021 година, во Народен правобранител на РСМ било вработено лице, припадник на турската етничка заедница, но на негово барање работниот однос му престанал спогодбено, па дека од тогаш до денес биле распишани повеќе огласи, за различни работни места, на кои била дадена можност за вработување на лица од било која етничка припадност, вклучително и турската, но на истите не се пријавило лице, припадник на истата. На крајот истакнуваат дека тековно се спроведувала постапка за спогодбено преземање на административен службеник од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со звање Советник, припадник на турската етничка заедница.
Со одговорот на барањето на Комисијата се доставени Табели со податоци за пријавени кандидати на јавни огласи за вработување за 2022 и 2023 година, Табела за соодветна и правична застапеност во институцијата за 2023 година и копија од Спогодба за вработување без јавен оглас преку преземање, арх.бр.04-2271/2 од 26.11.2024 година.

Комисијата се обрати со Барање бр. 08-463/5 од 22.11.2024 година и до Агенцијата за администрација, со што побара податоци за сите објавени јавни огласи за вработување кои Народниот правобранител ги има објавено за периодот од 2019-2024 година, информација за тоа дали во последните 10 години Народниот правобранител има објавено јавен оглас со специфицирање дека за истиот е предвидено вработување на лице од турска етничка припадност и податоци за пријавени кандидати на јавни огласи за вработување кај Народниот правобранител, со расположливи податоци за етничка припадност на кандидатите, за периодот од 2019-2024 година. Агенцијата за администрација со допис бр. 10-1634/2 од 29.11.2024 година, одговори дека во периодот од 2019 до 2024 година, Народниот правобранител објавил 8 јавни огласи, истите не содржат напомена за припадност на етничка заедница, а биле пријавени вкупно 124 кандидати, како и дека Агенцијата не располага со податоци за вкупниот број на вработени во Народниот правобранител по етничка припадност.

Народниот правобранител дополнително со допис бр. 1997/5 од 18.12.2024 година, до Комисијата достави документација во врска со објавени јавни огласи во институцијата за периодот 2019 до 2024 година.
Во копии достави: Известување за не извршен избор бр. 2379/11 од 20.12.2019 година; Записник бр. НПР 03-2379/2 од 21.11.2019 година, за оглас бр. 03/2019-М за работно место Помлад соработник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 03-2379/3 од 21.11.2019 година, за оглас бр. 03/2019-М за работно место Советник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Одлука бр. 04-1965/9 од 04.07.2019 година за избор на кандидат за вработување на работно место Технички секретар на народниот правобранител; Записник бр. 04-1965/8 од 27.06.2019 година, од отворањето на документи на апликанти за Јавен оглас од 18.06.2019 година за работни места технички секретар на народниот правобранител и технички секретар на

заменик народен правобранител; Записник бр. НПР 04-1440/8 од 27.05.2019 година, за оглас бр. 01/2019-М за работно место Државен советник за права од социјална заштита и социјална сигурност, со листа на кандидати; Одлука бр. 04-1440/9 од 29.05.2019 година за избор на кандидат за вработување на работно место Државен советник за права од социјална заштита и социјална сигурност; Записник бр. НПР 04-1893/7 од 17.07.2023 година, за оглас бр. 02/2023-М за работно место Советник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1893/4 од 03.07.2023 година, за оглас бр. 02/2023-М за работно место Советник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1893/2 од 03.07.2023 година, за оглас бр. 02/2023-М за работно место Советник – преведувач од албански јазик, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1893/6 од 17.07.2023 година, за оглас бр. 02/2023-М за работно место Помлад референт – уписничар/архивар во Канцеларија на НП – Тетово, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1893/3 од 03.07.2023 година, за оглас бр. 02/2023-М работно место Помлад референт – уписничар/архивар во Канцеларија на НП – Тетово, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1446/10 од 12.02.2019 година, за оглас бр. 04/2018-М работно место Државен советник за обезбедување поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки при истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1446/13 од 12.02.2019 година, за оглас бр. 04/2018-М работно место Советник за мониторирање на имплементација на конвенцијата за правата за лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон конвенцијата, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1446/12 од 12.02.2019 година, за оглас бр. 04/2018-М работно место Советник за обезбедување поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки при истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1446/11 од 12.02.2019 година, за оглас бр. 04/2018-М работно место Државен советник за мониторирање на имплементација на конвенцијата за правата за лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон конвенцијата, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1502/3 од 17.03.2023 година, за оглас бр. 01/2023-М работно место Државен советник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1502/5 од 29.03.2023 година, за оглас бр. 01/2023-М работно место Државен советник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1766/11 од 05.07.2022 година, за оглас бр. 01/2022-М работно место Помлад референт – уписничар/архивар, Канцеларија на НП – Битола, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1766/2 од 17.06.2022 година, за оглас бр. 01/2022-М работно место Помлад соработник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1766/4 од 17.06.2022 година, за оглас бр. 01/2022-М работно место Помлад референт – уписничар/архивар, Канцеларија на НП – Тетово, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 1766/3 од 17.06.2022 година, за

оглас бр. 01/2022-М работно место Помлад референт – уписничар/архивар, Канцеларија на НП – Тетово, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1766/9 од 05.07.2022 година, за оглас бр. 01/2022-М работно место Помлад референт – уписничар/архивар, Канцеларија на НП – Тетово, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1766/6 од 17.06.2022 година, за оглас бр. 01/2022-М работно место Помлад референт – уписничар/архивар, Канцеларија на НП – Битола, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 04-1766/5 од 17.06.2022 година, за оглас бр. 01/2022-М работно место Виш соработник-преведувач од англиски јазик, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 03-1614/11 од 01.12.2021 година, за оглас бр. 01/2021-М работно место Виш соработник-преведувач од англиски јазик, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 03-1614/14 од 01.12.2021 година, за оглас бр. 01/2021-М работно место Советник-преведувач од албански јазик, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 03-1614/10 од 01.12.2021 година, за оглас бр. 01/2021-М работно место Советник за човечки ресурси, со листа на кандидати; Записник бр. НПР 03-1614/13 од 01.12.2021 година, за оглас бр. 01/2021-М со листа на кандидати; Записник бр. НПР 03-1614/12 од 01.12.2021 година, за оглас бр. 01/2021-М работно место Помлад соработник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, со листа на кандидати; Податоци за етничка припадност на пријавени кандидати на јавни огласи во 2022 и 2023 година.

Од доставената документација на Народниот правобранител, во 2019, 2021, 2022 и 2023 година, се објавувани јавни огласи за работни места:

- Помлад соработник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица (2 огласи);
- Советник за заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица (2 огласи);
- Технички секретар на народниот правобранител (1 оглас);
- Технички секретар на заменик народен правобранител (1 оглас);
- Државен советник за права од социјална заштита и социјална сигурност (1 оглас);
- Советник – преведувач од албански јазик (1 оглас);
- Помлад референт – уписничар/архивар во Канцеларија на НП – Тетово (1 оглас);
- Државен советник за обезбедување поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки при истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција (1 оглас);
- Советник за мониторирање на имплементација на конвенцијата за правата за лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон конвенцијата (1 оглас);
- Советник за обезбедување поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки при истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција (1 оглас);
- Државен советник за мониторирање на имплементација на конвенцијата за правата за лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон конвенцијата (1 оглас);

- Помлад референт – уписничар/архивар, Канцеларија на НП – Битола (1 оглас);
- Виш соработник-преведувач од англиски јазик (1 оглас);
- Советник за човечки ресурси (1 оглас).

Односно повеќето од огласите се однесуваат на работни места од нивото советник (вкупно 5), потоа од нивото државен советник (вкупно 3), помлад референт (вкупно 2) и по едно работно место за нивоата виш соработник и помлад соработник.

Согласно Табеларниот преглед од Извештајот на Народниот правобранител за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2018 година, од вкупно 79 вработени во Народниот правобранител, 35 вработени се Македонци (44,3%), 31 се Албанци (39,2%), 1 или (1,3%) Турци, 3 се Роми (3,8%), Срби 3 или 3,8%, Власи 3 или 3,8% и 3 се Бошњаци (3,8%).

Според Табеларниот преглед од Извештајот на Народниот правобранител за следењето на состојбата со примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2020 година, од вкупно 85 вработени во Народниот правобранител, 42 вработени се Македонци (49,4%), 31 се Албанци (36,5%), 1 или (1,2%) Турци, 3 се Роми (3,5%), Срби 3 или 3,5%, Власи 2 или 2,4% и 3 се Бошњаци (3,5%).

Видно од Табеларниот преглед од Извештајот на Народниот правобранител за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2021 година, од вкупно 85 вработени во Народниот правобранител, 39 вработени се Македонци (45,9%), 35 се Албанци (41,2%), нема вработени Турци, 3 се Роми (3,5%), Срби 4 или 4,7%, Власи 2 или 2,4% и 2 се Бошњаци (2,4%).

Согласно Табеларниот преглед од Извештајот на Народниот правобранител за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2022 година, во Народниот правобранител има вкупно 89 вработени, од кои 40 вработени се Македонци (44,9%), 37 се Албанци (41,6%), нема вработени Турци, 3 се Роми (3,4%), Срби 4 или 4,5%, Власи 3 или 3,4% и 2 се Бошњаци (2,2%).

Според Табеларниот преглед од Извештајот на Народниот правобранител за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2023 година, во Народниот правобранител има вкупно 93 вработени, од кои 40 вработени се Македонци (43%), 41 се Албанци (44,1%), нема вработени Турци, 3 се Роми (3,2%), Срби 4 или 4,3%, Власи 3 или 3,2% и Бошњаци 2 или 2,2% од вкупниот број на вработени.

Оттука, во периодот од 2018 до заклучно со 2023 година, бројот на вработени Македонци се зголемил за 5 вработени или за 14,28%, кај вработените Албанци се зголемил за 10 или за 32,25%, за вработени Турци се намалил за 1, односно за 100%, кај вработените Роми останал непроменет, бројот на вработени Срби се зголемил за 1 или за 33,33%, бројот на вработени Власи останал ист, додека бројот на вработени Бошњаци се намалил за 1 вработен. Односно со просечна стапка на раст на вработувања кај

етничките заедници со квантитативно најголем број на вработувања за истиот период, 3,9% за Македонци и 7,4% за Албанци.

Согласно член 6 став 2 од Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на Националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител НПР бр. 1695/3 од 01.07. 2021 година, *Во зависност од видот на работите и работните задачи, како посебни услови може да се предвидат: 1. Работно искуство 2. Посебни стручни знаења за успешно извршување на одредени работи, 3. Дополнителни знаења за успешно извршување на одредени работи (странски јазик, возачка дозвола, работа со компјутер, потребни сертификати и слично).*

Согласно член 7 од истиот Правилник, *За извршување на работните должности во Стручната служба, Тимот на Националниот превентивен механизам, Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола, Народниот правобранител – национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител, се утврдуваат 117-стоиседумнаесет работни места, по реден број и со опис на работните места, за вкупно 187- стоосумдесетиседум извршители.*

Видно од Правилникот, најголем број на работни места се систематизирани за државен советник 44 работни места и советник 50 работни места и истите се пополнети со најголем број на извршители, односно со 20 лица државни советници и 27 лица советници.

Согласно член 8 став 1 алинеја 2 од Уставот на РСМ, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другите е *Соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.*

Според член 77 став 2 од Уставот, *Народниот правобранител посветува особено внимание за заштита на начелата на недискриминација соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.*

Членот 43 ставови 2 и 3 од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 60/2003; 143/2008; 114/2009; 181/2016; 189/2016 и 35/2018) утврдува дека *(2) Народниот правобранител донесува општи акти за организација на работата и систематизација на работните места во Стручната служба, тимот на Националниот превентивен механизам, посебните одделенија и канцелариите на Народниот правобранител, во кои се утврдуваат работните места, описот на работите и работните задачи, вкупниот број на вработени и условите за секое работно место, а на кои согласност дава Собранието на Република Македонија. (3) Годишните планови за вработување согласно со закон ги донесува Народниот правобранител без претходна согласност или мислење пропишано со закон.*

Во ставот 2 на членот 43-а од Законот за народниот правобранител се утврдува дека *При вработувањето во Народниот правобранител се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.*

Согласно член 42 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/2019, 14/2020; 302/2020 и 208/2024), *Мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места, утврдена со овој закон. Мобилноста се врши преку распоредување, односно преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот на систематизација на работни места во институцијата во која се распоредува или се презема. Мобилноста се врши без објавување на интерен, односно јавен оглас.*

Член 44 став 1 од истиот Закон утврдува, *Вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која е вработен или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за јавна администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.*

Легитимна и објективно оправдана цел, согласно член 4 став 1 точка 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *е целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат*

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон *е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Индиректна дискриминација, согласно член 8 став 2 од Законот, *постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.*

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти*

*што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.*

Членот 38 од Законот утврдува *Во судската постапка за заштита од дискриминација, покрај доказите пропишани во Законот за парничната постапка, како доказ можат да се користат и статистички податоци и/или податоци добиени со тестирање ситуација.*

Ценејќи ги наводите во претставката на подносителот како веројатни, Комисијата со 5 гласа ЗА и еден глас ПРОТИВ, утврди индиректна дискриминација врз основа на етничка припадност, врз граѓани на РСМ Турци, како резултат на одредена практика на Народниот правобранител при управувањето со процесот на вработување и состојбата со вработени кај него.

Имено, обработените расположливи податоци покажуваат одредена неповолна статистичка тенденција врз вработени припадници на една етничка група, наспроти вработени припадници на други етнички групи. Практиката на објавување на јавните огласи, односно спроведување на постапките за вработување согласно начинот на спроведување, видот на работните места во однос на претежно преферираните нивоа на звања кои се пополнувале, како и конципираноста на работните места во актот за систематизација во корелација со статистичките податоци индицира непропорционален третман спрема лица од турската етничка заедница, наспроти лица припадници на другите етнички заедници. Притоа, не преземањето на активности, односно непостапувањето на Народниот правобранител во насока на подобрување на состојбата со правична застапеност на лица од сите заедници во вкупниот број на вработени во институцијата, претставува составен дел од една навидум неутрална практика. Односно, Народниот правобранител не преземал позитивни мерки, да поттикне вработување на припадници од турската етничка заедница, на пр. преку повици за изразување на интерес преку институтот мобилност да поттикне вработени во други јавни институции кои се од турска етничка заедница, да бидат преземени во Народниот правобранител истакнувајќи ја во процесот легитимната цел, односно потребата за запазување на начелото на правична застапеност. Комплементарно, поттикнувањето да го направи и преку предвидување на посебни работни компетенции за одредени работни места во актот за систематизација на работните места, на пр. познавање на турски јазик, односно предвидување на работни места во соодветни организациски единици, конципирани со работни цели и задачи во насока на спроведување на уставната и законски утврдената надлежност за заштита на начелата на недискриминација соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби, со што би се истакнала во предвид легитимната цел за ангажирање лица од засегнатите етнички заедници во таквата единица. Таквата практика преку статистичката состојба укажува на непропорционален сооднос, односно поволен третман само кај лица од две етнички заедници, Македонци и Албанци, односно најголем број вработувања за лица кои се изјасниле како Албанци.

Ваквата состојба со застапеноста на вработените од турска етничка припадност, видно од Извештаи на Народниот правобранител за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност, била непроменета и во периодот од 2007 до 2018 година.

Комисијата укажува на тоа дека индиректната дискриминација како појава, меѓу другото, се базира на ефект и истата се идентификува со земање во предвид на специфична правна и фактичка состојба на примена на навидум неутрална мерка, критериум или практика. Оттука, засегнатите лица од индиректната дискриминација треба да обезбедат статистички доказ дека претрпеле нееднаков третман во споредба со други лица. Имајќи ја во предвид заснованоста на ефект на индиректната дискриминација, истото не претпоставува постоење на одредена намера, во конкретниот случај на работодавачот, туку во предвид се зема само дискриминаторскиот ефект.

Во таа насока, Европскиот суд за човекови права во случајот 57325/00 „D.H. and Others v. the Czech Republic" утврдил дека кога станува збор за проценка на влијанието на мерката или практиката врз поединец или група, статистичките податоци кои при критичкото испитување се чини дека се веродостојни и значајни ќе бидат доволни за да го сочинуваат *prima facie* доказот што апликантот треба да го прикаже. Следствено на тоа, кога апликантот кој тврди индиректна дискриминација на тој начин (преку статистичките податоци) воспоставува веројатна претпоставка дека ефектот на мерката или практиката е дискриминаторски, товарот потоа се префрла на тужената држава, која мора да покаже дека разликата во третманот не е дискриминаторска. Ова од причини што со оглед на специфичноста на фактите и природата на наводите изнесени во овој тип на случаи, би било исклучително тешко во пракса за апликантите да докажат индиректна дискриминација без таква промена во товарот на докажување.

Во тој контекст, Комисијата ги сметаше за веројатни тврдењата на подносителот на претставката и фактичката состојба е утврдена со преминување на товарот на докажување на страната на Народниот правобранител. Комплементарно на наведеното, во поглед на пренесувањето на товарот на докажување, во конкретниот случај, од особена важност е и тоа дека статистичките податоци се обезбедени од Извештаите на Народниот правобранител и таквите не се оспорени од страна на истиот. Народниот правобранител објективно не ја оправда таквата практика која влијаела непропорционално врз засегнатата група на лица, односно дека истата е оправдано неповрзана со етничка припадност и произлегува од легитимна цел. Дотолку што согласно Законот за народен правобранител, Народниот правобранител има широка диспозиција во спроведувањето на постапките за вработување, односно објавувањето на јавните огласи за пополнување на работните места. Па следствено, не докажа дека во било кој случај во целиот период во предвид ја имал соодветната и правична застапеност со преземање на соодветни активности во насока на подобрување на состојбата.

Согласно горенаведеното, Комисијата го има во предвид принципот на еднаквост, односно еднаквиот пристап до работа, но сепак смета дека предвидување

на одредени мерки во одредена форма и модус, преку кои во една постапка на вработување спроведена низ објективен евалуационен систем на процена и селектирање на кандидатите, во случај на подеднакво исполнување на услови и поседување квалификации, давањето на предност на одреден кандидат врз заштитна карактеристика може да се смета за исполнување на принципот на еднаквост, кога таквата предност ќе произлегува од легитимна цел за запазување на состојбата со соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, односно за подобрување на положбата на граѓаните Турци во пристапот до работа и вработување во конкретниот случај кај Народниот правобранител.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА на Народниот правобранител во рок од 180 дена од денот на приемот на ова мислење со препорака, да преземе иницијатива за подобрување на состојбата со правичната застапеност на лица од турска етничка припадност во вкупниот број на вработени во институцијата, преку преземање на соодветни активности во постапки за вработување, а согласно позитивните законски прописи, на начин на кој не би се нарушил принципот на еднаквост, а би се остварила легитимната цел, со предвидување на мерки во одредена форма и модус, имајќи ги во предвид рамковно дадените примери и начини во ова мислење и за тоа да ја извести Комисијата.

НАПОМЕНА: Доколку препораката не е исполнета во предвидениот рок, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

1. *МАТУСИТЕБ – Скопје*
2. *Народен правобранител*
3. *Архива на Комисијата*